-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Архивски број:0401-6554/7
Датум: 21.09.2026

Врз основа на член 2 став 2 и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 , 199/14, 27/16 и 35/18 и Службен весник на РСМ бр.198/18, 143/19, 14/20 и 208/24), член 23 став 4 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр. 167/15, 27/16, 120/18, 110/19, и Службен весник на РСМ бр.267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25), член 188 став 5 и член 212 став 17 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.32/24 и) и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-847/5 од 28.06.2019 година, 02-1612/2 од 27.11.2019 година, 02-6011/2 од 29.12.2020 година, 02-215/2 од 31.01.2023 година и 02-59/2 од 05.01.2024 година, В.Д.Директорот на установата донесе:

О д л у к а

За неизбор на кандидат за вработување на давател на јавна услуга по пат на јавен оглас

1.За извршител на работното место, назив на работното место Педагог, звање на работно место - стручен службеник од петто ниво, шифра на работното место **СОЗ0303А05019**, еден извршител во Службата за услуги од социјална заштита, Оддел за услуги од социјална заштита вид на образование – Педагогија, по јавен оглас за вработување бр.02/2026, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на интернет страната на ЈУМ ЦСР Велес и на Огласната табла на установата.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување за обезбедени финансиски средства бр.19-1201/2 од 23.02.2026 година од Министерството за финансии доставено преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, донесена е Одлука за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас бр.0401-6554/1 од 07.09.2026 година и е објавен Јавен оглас бр.02/2026 за пополнување на работно место со вработување бр.0401-6554/2 од 07.09.2026 година, објавен на ден 09.09.2026 година во два дневни весника од кои еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик – Слободен печат и еден од весниците кои се издаваат на јазикот кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот – Лајм, како и на интернет страната и на огласна табла на установата.

-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Со Одлука бр.0401-6554/1 од 07.09.2026 година формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката на административна селекција на кандидатите. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за вработување изготви Записник од административна селекција бр.0401-6554/4 од 18.09.2026 година, при што состави Финална ранг листа од одржана административна селекција за јавен оглас бр 02/2026, бр.0401-6554/5 од 18.09.2026 година, според која за работното место од точка 1 на оваа Одлука нема пријавено кандидат кој се квалификува за вработување.

Имајќи го во предвид горенаведеното, В.Д.Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Велес донесе одлука да не се изврши избор, како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка во работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на Одлуката за избор на кандидат..

Доставено до:
-Оддел за административни работи
-Архива
-Служба за услуги од социјална заштита

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес
ВД Директор
Бобан Нецинов